# СОДРЖИНА


*ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

- **Финансиска поддршка за естрадни уметници, игротеки и специфични угостителски објекти..................5**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Задршки и намалување на платата на работникот.................................................34**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Годишен одмор..........................................................52**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Мај 2021 година…......................................66**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Април 2021 година......................85**
- **Коефициент на пораст на цените за …… Април 2021 година .......................................................86**
- **Цени на гориво…………….....................................................88**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2021 година...........................................97**
- **Курсни листи за Мај 2021 година.....................................99**
- **Рокови за поднесување во Мај 2021 година ....................106**

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*......................................108**

*ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

- **Финансиска поддршка за естрадни уметници, игротеки и специфични угостителски објекти**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Задршки и намалување на платата на работникот**

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- **Годишен одмор**

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- **Плати за месец Мај 2021 година**

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- **Коефициент на МДБ за Април 2021 година**
- **Коефициент на пораст на цените за ...... Април 2021 година**
- **Цени на гориво**
- **Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2021 година**
- **Курсни листи за Мај 2021 година**
- **Рокови за поднесување во Мај 2021 година**

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*

**СКОПЈЕ, МАЈ 2021**

**5**

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*дипл.економист Ромео Костадинов*

## *ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЕСТРАДНИ УМЕТНИЦИ, ИГРОТЕКИ И СПЕЦИФИЧНИ УГОСТИТЕЛСКИ ОБЈЕКТИ*

***Финансиската поддршка за естрадни уметници, игротеки и приватни детски одморалишта, кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, туристички агенции, оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани и други, туристички водичи и ресторани за свадби, го сочинуваат шестиот пакет за субвенционирање.***

***ВОВЕД***

Почнувајки од 2020 година, финансиски поддршки и други начини на субвенционирање, се во примена, со цел обезбедување услови за продолжување со деловни активности, односно континуитет на постојните стопански субјекти.

Примарните субвенции за финансиска поддршка за исплата на платите, кои како во 2020 така и во 2021 година, ги дадоа своите првични позитивни резултати. Забелешките во поглед на ненавременоста и несинхронизираноста, сепак се спорадични, имајки ги во предвид условите во светски рамки.

Шестиот пакет на мерки, не е унифициран во поглед на субвенционирењето на субјектите, но станува збор за различни категории, со свои специфичности кои мора да се земат предвид.

Повратот на субвенциите карактеристика на претходните мерки е присутен и кај шестиот пакет, со исклучоци, во зависност од видот на субјектите и начинот на субвенционирање.

## *1. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЕСТРАДНИ УМЕТНИЦИ*

Јавниот повик за доделување на финансиска поддршка за естрадните уметници е донесен врз основа на Законот за извршување на Буџетот на РС Македонија за 2021 година и во рамки на шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија и за излез од КОВИД-19 економската криза. Пакетот е донесен согласно Програма П – Мерки за справување со КОВИД-19 кризата, потпрограма П1 – Мерки за справување со КОВИД-19 кризата.

### *1.1. Предмет на финансиската поддршка*

Предмет на финансиската поддршка на естрадните уметници претставува **еднократна исплата** на финансиски средства, во **нето** износ од **30.750,00** денари **по лице**.

Јавниот повик за доделување финансиска поддршка на естрадните уметници има за цел, обезбедување финансиска поддршка на естрадни уметници, кои поради влијанието на Пандемијата во текот на 2020 година, биле спречени да обавуваат дејност.

### *1.2. Право на учество на јавниот повик*

Право на учество на јавниот повик имаат сите естрадни уметници кои во текот на 2020 година имале просечен месечен нето приход, **понизок од 15.000 денари**.

На повикот **немаат право на учество**:

- Лица кои на 31.12.2020 се корисници на пензија;
- Лица кои во текот на 2020 година биле во редовен работен однос;

- Лица корисници на социјална помош од програмите за поддршка на социјално ранливите категории на Министерството за Труд и Социјална Политика.

### *1.3. Образец за аплицирање*

Естрадните уметници до Владата на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат, доставуваат ПРИЈАВА, и изјава за точноста на податоците и во прилог доставуваат ГДП за 2020 година.

### *1.4. Оценување на пристигнатите пријави*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерство за Култура ги разгледува поднесените барања и изготвува извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на РС Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно објавениот јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Владата на РС Македонија во рок од три дена од денот на усвојувањето на конечната листа, на својата веб страница ќе ја објави листата на естрадни уметници кои го оствариле правото на финансиска поддршка согласно објавениот јавен повик.

### *1.5. Начин и рок за аплицирање*

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок потпишан од страна на естрадниот уметник, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата. Во прилог на пријавата треба да се достави:

- Годишна Даночна Пријава за 2020 година

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје или преку предавање во архивата на Владата секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЕСТРАДНИ УМЕТНИЦИ”

Пријавите кои не се доставени во рокот утврден во јавниот повик, кои не се пополнети на образецот кој е составен дел од објавениот јавен повик и кои се нецелосно пополнети, односно кои не ги содржат потребните податоци, нема да бидат разгледувани.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 25 мај 2021 година, 16:00 часот.**

**П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на ЕСТРАДНИ УМЕТНИЦИ**

Име и презиме: ____________________________________________

ЕМБГ: ______________

Банкарска сметка: __________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса: ___________________________________________________

Телефон: ______________ електронска пошта : __________________

Остварен нето приход во 2020 година: _________________________ ден.

ПРИЈАВИЛ

__________________

(своерачен потпис)

## 2. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИГРОТЕКИ И ПРИВАТНИ ДЕТСКИ ОДМОРАЛИШТА

Владата на РС Македонија го објавува повикот за финансиска поддршка за регистрирани игротеки и приватни детски одморалишта во рамки на шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија и за излез од КОВИД-19 економската криза. Повикот има цел да обезбеди финансиска поддршка за регистрирани игротеки и приватни детски одморалишта, кои беа затворени со одлука на Владата за целосна забрана за посетители – гости.

### 2.1. Предмет на поддршка

Финансиска поддршка на игротеките и приватните детски одморалишта, кои беа затворени во текот на пандемијата.

### 2.2. Право на учество во јавниот повик

Право на учество имаат сите регистрирани игротеки и приватни детски одморалишта, кои се регистрирани и имаат приоритетна дејност:

- 93.29 Останати забавни и рекреативни дејности неспомнати на други места;
- 55.20 Одморалишта и останати објекти за пократок престој.

### 2.3. Износ на поддршка

Основа за пресметка на поддршката се земаат просечните месечни приходи остварени во 2019 година. Висината на поддршката се пресметува како износ од **30%** од **просечниот месечен приход**. За субјектите кои ќе поднесат пријава на овој повик, а кои се регистрирани во текот на 2019 година, основ за пресметка се просечните месечни приходи од денот на основање до крај на 2019 година. Дополнително, секој регистриран активен субјект, ќе добие финансиска поддршка во

износ од 15.200 денари по вработен, според бројот на ефективни работни часови, со пресек на 31.12.2020.

### *2.4. Посебни услови за користење на финансиската помош*

Секој правен субјект кој ќе аплицира и на кој ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 има намален број на вработени, споредено со 31.12.2020, тогаш има обврска **да врати 50% од примената финансиска поддршка** во Буџетот на РС Македонија.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и добие средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 го задржал истиот број на вработени, како на 31.12.2020, има обврска **да врати 20%** од вкупниот износ на финансиска поддршка во Буџетот на РС Македонија.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, ако на 31.12.2021 има зголемен број на вработени, споредено со 31.12.2020, нема обврски за враќање средства во Буџетот на РС Македонија.

### *2.5. Образец за аплицирање*

Субјектите до Владата на РС Македонија - Генерален секретаријат, доставуваат ПРИЈАВА, изјава, со прилог копии од годишна сметка, тековна состојба, листа на вработени и потврда за подмирени јавни давачки.

### *2.6. Оценување на пристигнатите пријави*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерство за Економија, ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на РС Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно јавниот повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

***2.7. Начин и рок за аплицирање***

Пријавата се доставува во еден **оригинален** примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата.

Во прилог на пријавата треба да се достави:

- Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на правното лице не постара од шест месеци; (може да се аплицира електронски или директно во Централен регистар);
- Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2020 година и копија од завршна сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2019 година.
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени јавни давачки за 2020 година, согласно закон (може да се преземе електронски или директно во Управата за јавни приходи);
- Листинг на вработени - преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект (барањето може да се преземе во Агенцијата за вработување или електронски преку порталот на АВРСМ);

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр. 2, 1000 Скопје, или преку предавање во архивата на Владата, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „Финансиска поддршка за регистрирани игротеки”

Барањата кои нема да ги содржат бараните податоци на јавниот повик или доколку не пристигнат во рамките на рокот за поднесување, ќе се сметаат за некомплетни и/ненавремени и нема да се разгледуваат.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 25 мај 2021 година.**

## П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на ИГРОТЕКИ

Назив на правното лице: ______________________________________________________________

ЕМБС: _______________ ЕДБ: ______________________________________

Банкарска сметка: __________________________________________________________________

Шифра на приоритетна дејност според НКД: _________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса/Седиште: _________________________________________________________

Телефон: ____________________ електронска пошта : ________________________

УПРАВИТЕЛ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:

Име и презиме: ___________________________________

Електронска пошта: ________________________________

Телефон:__________________________________________

Остварен приход во 2019 година: _____________________________ ден.

Број на вработени на 31.12.2020: _____________________

ПРИЈАВИЛ

_____________________________

(своерачен потпис на управител)

## *3. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЛИЦЕНЦИРАНИ ВРШИТЕЛИ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ КАБАРЕ, НОЌЕН БАР, ДИСКОКЛУБ И ДИСКОКЛУБ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР*

Владата на РС Македонија објави повик за финансиска поддршка за лиценцирани вршители на угостителска дејност: кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворено. во рамки на шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија и за излез од КОВИД-19 - економската криза.

Повикот има цел да обезбеди финансиска поддршка за лиценцирани вршители на угостителска дејност кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор кои беа затворени со одлука на Владата за целосна забрана за посетители – гости.

### *3.1. Предмет на поддршка*

Финансиска поддршка на Угостители кои беа затворени со Одлука на Владата, заради спроведување на мерки за спречување на ширење на КОВИД-19.

### *3.2. Право на учество во јавниот повик*

Право на учество во јавниот повик имаат сите лиценцирани вршители на угостителска дејност: кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, кои заклучно со 13.03.2020 имаат важечка Лиценца за работа.

### *3.3. Износ на поддршка*

Основа за пресметка на поддршката се земаат просечните месечни приходи остварени во 2019 година. Висината на поддршката се пресметува како износ од 30% од просечниот месечен приход. За субјектите кои ќе поднесат пријава на повик, а кои се регистрирани во текот на 2019 година,

основ за пресметка се просечните месечни приходи од денот на основање до крај на 2019 година. Дополнително, секој регистриран активен субјект ќе добие финансиска поддршка во износ од 15.200 денари по вработен, според бројот на ефективни работни часови, со пресек на 31.12.2020.

### *3.4. Посебни услови за користење на финансиската помош*

Секој правен субјект кој ќе аплицира и на кој ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 има **намален број на вработени,** споредено со 31.12.2020, тогаш има обврска **да врати 50%** од примената финансиска поддршка во Буџетот на РС Македонија.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и добие средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021, го задржал **истиот број** на вработени, како на 31.12.2020, има обврска **да врати 20%** од вкупниот износ на финансиска поддршка во Буџетот на РС Македонија.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, ако на 31.12.2021 има **зголемен број на вработени** споредено со 31.12.2020, **нема обврски за враќање** средства во Буџетот на РС Македонија.

### *3.5. Образец за аплицирање*

Субјектите до Владата на РС Македонија - Генерален секретаријат доставуваат: ПРИЈАВА, изјава, копии од лиценца за дејност, тековна состојба и завршни сметки за 2019 и 2020 година, потврда за платени јавни давачки и листинг на вработени од АВРМ.

### *3.6. Оценување на пристигнатите пријави:*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерството за Економија, ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на РС Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно јавниот јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

### *3.7. Начин и рок за аплицирање*

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата.

Во прилог на пријавата треба да се достави:

- Копија од Лиценцата за вршење угостителска дејност (Документ издаден од Министерство за економија);
- Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на правното лице не постара од шест месеци; (може да се аплицира електронски или директно во Централен регистар);
- Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2020 година и копија од завршна сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2019 година.
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени јавни давачки за 2020 година, согласно закон (може да се преземе електронски или директно во Управата за јавни приходи);
- Листинг на вработени - преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект (барањето може да се преземе во Агенцијата за вработување или електронски преку порталот на АВРСМ);

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје или преку предавање во архивата на Владата, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ЛИЦЕНЦИРАНИ ВРШИТЕЛИ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ КАБАРЕ, НОЌЕН БАР, ДИСКОКЛУБ И ДИСКОКЛУБ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР.”

Барањата кои нема да ги содржат бараните податоци на јавниот повик или доколку не пристигнат во рамките на рокот за поднесување, ќе се сметаат за некомплетни и/ненавремени и нема да се разгледуваат.

**Рокот за поднесување на пријавите, е најдоцна до 25 мај 2021 година.**

## П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на НОЌНИ КЛУБОВИ

Назив на правното лице: ____________________________________________________________

ЕМБС: _______________ ЕДБ: _____________________________________

Банкарска сметка: __________________________________________________________________

Шифра на приоритетна дејност според НКД: ________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса/Седиште: ________________________________________________________

Телефон: ____________________ електронска пошта : ________________________

УПРАВИТЕЛ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:

Име и презиме: __________________________________

Електронска пошта: ________________________________

Телефон:__________________________________________

Остварен приход во 2019 година: _____________________________ ден.

Број на вработени на 31.12.2020: _____________________

ПРИЈАВИЛ

_____________________________

(своерачен потпис на управител)

## *4. ЈАВЕН ПОВИК ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЛИЦЕНЦИРАНИ ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ*

Владата на РС Македонија објави повик за финансиска поддршка за лиценцирани туристички агенции, во рамки на шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија и за излез од КОВИД-19 економската криза.

Повикот има цел да обезбеди финансиска поддршка за лиценцирани туристички агенции, кои поради ситуацијата со пандемијата, беа оневозможени да обавуваат дејност.

### *4.1. Предмет на поддршка*

Финансиска поддршка за лиценцирани туристички агенции.

### *4.2. Право на учество во јавниот повик*

Право на учество во јавниот повик имаат сите лиценцирани туристички агенции во РС Македонија

### *4.3. Износ на поддршка*

**Туристичките агенции со А лиценца, ќе добијат најмногу до 5.000 евра, а туристичките агенции со Б лиценца, можат да добијат најмногу до 2.000 евра.**

### *4.4. Начин на пресметка*

Износот на средства кој ќе биде доделен е во зависност од остварениот вкупен приход во 2019 година, бројот на вработени и видот на лиценцата, а ќе изнесува од 60.000,00 до 300.000,00 денари за правен субјект и тоа:

**4.4.1. За туристичка агенција Б Лиценца**

- за вкупни приходи од 0 - 1.000.000,00 денари - грант во износ од 60.000,00 денари;
- за вкупни приходи од 1.000.001,00 - 2.500.000,00 денари - грант во износ од 90.000,00 денари;
- за вкупни приходи над 2.500.001,00 денари - грант во износ од 120.000,00 денари.

**4.4.2. За туристичка агенција со А Лиценца**

- за вкупни приходи од 0 - 1.000.000,00 денари - грант во износ од 100.000,00 денари;
- за вкупни приходи од 1.000.001,00 - 2.500.000,00 денари - грант во износ од 200.000,00 денари;
- за вкупни приходи над 2.500.001,00 денари - грант во износ од 300.000,00 денари.

Туристичките агенции кои се регистрирани во 2020 и 2021 година и поседуваат Лиценца од Министерство за економија, издадена до денот на објавување на јавниот повик на кои ќе им биде одобрен минимален износ, согласно видот на Лиценцата.

Туристички агенции со лиценца А кои имаат помалку од 4 вработени, ќе им се одобри грант во износ до 180.000 денари.

***4.5. Посебни услови за користење на финансиската помош***

Секој правен субјект кој ќе аплицира и на кој ќе му бидат исплатени средства од овој повик, доколку на 31.12.2021 има намален број на вработени споредено со 31.12.2020, тогаш има обврска **да врати 50%** од примената финансиска поддршка во Буџетот на РСМ.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и добие средства од овој повик, доколку на 31.12.2021 го задржал истиот број на вработени, како на 31.12.2020 има обврска **да врати 20%** од вкупниот износ на финансиска поддршка во Буџетот на РСМ.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, ако на 31.12.2021 има зголемен број на вработени споредено со 31.12.2020 нема обврски за враќање средства во Буџетот на РСМ.

### *4.6. Образец за аплицирање*

Субјектите до Владата на РС Македонија - Генерален секретаријат доставуваат ПРИЈАВА, изјава, лиценца за работа, копии од тековна состојба и годишните сметки за 2019 и 2020 година, потврда за платени јавни давачки и листинг од АВРМ на образец кој е составен дел на овој повик.

### *4.7. Оценување на пристигнатите пријави:*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерството за Економија, ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на РС Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно јавниот повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

### *4.8. Начин и рок за аплицирање*

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата.

Во прилог на пријавата треба да се достави:

- Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на правното лице не постара од шест месеци; (може да се аплицира електронски или директно во Централен регистар);
- Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2020 година и копија од завршна сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2019 година, освен за туристичките агенции регистрирани во 2019 и 2020 година, кои пријавата може да ја поднесат без приложена завршна сметка.

- Потврда од Управата за јавни приходи за платени јавни давачки за 2020 година, согласно закон (може да се преземе електронски или директно во Управата за јавни приходи);
- Листинг на вработени - преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект (барањето може да се преземе во Агенцијата за вработување или електронски преку порталот на АВРСМ);
- Лиценца за работа (документ издаден од Министерство за економија).

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје или преку предавање во архивата на Владата, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ”

Барањата кои нема да ги содржат бараните податоци на јавниот повик или доколку не пристигнат во рамките на рокот за поднесување, ќе се сметаат за некомплетни и/ненавремени и нема да се разгледуваат.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 25 мај 2021 година.**

# П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

Назив на правното лице: ____________________________________________________________

ЕМБС: _______________ ЕДБ: ______________________________________

Банкарска сметка: __________________________________________________________________

Шифра на приоритетна дејност според НКД: _________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса/Седиште: _________________________________________________________

Телефон: ____________________ електронска пошта : ________________________

УПРАВИТЕЛ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:

Име и презиме: ___________________________________

Електронска пошта: ________________________________

Телефон:___________________________________________

Остварен приход во 2019 година: ______________________________ ден.

Број на вработени на 31.12.2020: _____________________

ПРИЈАВИЛ

______________________________

(своерачен потпис на управител)

## 5. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА КОМПАНИИ - ОПЕРАТОРИ ОД ИНДУСТРИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНИ, АГЕНЦИИ КОИ ОРГАНИЗИРААТ НАСТАНИ И ДРУГИ

Владата на РС Македонија објави повик за финансиска поддршка на  оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани и други, како дел од шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија и за излез од КОВИД-19 економската криза.

Повикот има цел да обезбеди финансиска поддршка за оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани и други кои беа спречени да обавуваат дејност со одлука на Владата.

### 5.1. Предмет на поддршка

Финансиска поддршка на оператори од индустријата за организација на настани, агенции кои организираат настани и други од сличен вид друштва, погодени од рестриктивните мерки за спречување КОВИД - 19.

### 5.2. Право на учество во јавниот повик

Право на учество во јавниот повик имаат сите трговски друштва, регистрирани со примарна/основна приоритетна шифра на дејност:

- 59.11: Дејности на производство на филмови, видеофилмови и телевизиска програма
- 59.20: Снимање на звучни записи и издавање на музички записи;
- 74.20: Фотографски дејности (изработка на фотографии за комерцијални потреби освен изработка на фотографии за патни исправи, училишта, свадби и други настани кои не се од јавен карактер, и не присуствува публика, фотографии за потреби на издаваштво и работење со недвижности, видео снимање на важни случувања од приватен карак-

тер.; Обработка на филмови освен копирање и реставрација или ретуширање на стари фотографии);

- 77.39: Изнајмување и давање под закуп (лизинг) на останати машини, опрема и материјални добра, неспомнати на друго место доколку истите претставуваат професионална радио, телевизиска и телекомуникациска опрема или филмска продукциска опрема;
- 82.30: Организација на состаноци и деловни саеми, освен состаноци и други настани од приватен карактер кои не вклучуваат јавност;
- 90.01: Изведувачка уметност;
- 90.02: Помошни дејности во изведувачката уметност;
- 90.04: Дејности на објектите за културни манифестации.

### *5.3. Дополнителни критериуми*

Учество во организирање на јавни настани кое треба да се докаже со доставување на копии од три договори за организирање или изнајмување опрема на јавен настан, како и фактури и банкарски изводи за извршениот промет од ангажманот, направени во текот на 2019 година, со кои се докажува поврзаност со организацијата на настанот.

### *5.4. Износ на поддршка*

Основа за пресметка на поддршката се земаат просечните месечни приходи, остварени во 2019 година. Висината на поддршката се пресметува како износ од 30% од просечниот месечен приход. За субјектите кои ќе поднесат пријава на јавниот повик, а кои се регистрирани во текот на 2019 година основ за пресметка се просечните месечни приходи од денот на основање до крај на 2019 година. Дополнително, секој регистриран активен субјект ќе добие финансиска поддршка во износ од

15.200 денари по вработен, според бројот на ефективни работни часови, со пресек на 31.12.2020.

### *5.5. Посебни услови за користење на финансиската помош*

Секој правен субјект кој ќе аплицира и на кој ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 има намален број на вработени, споредено со **31.12.2020,** тогаш има обврска да врати 50% од примената финансиска поддршка во Буџетот на РС Македонија.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и добие средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 **го задржал истиот број** на вработени, како на **31.12.2020,** има обврска **да врати 20%** од вкупниот износ на финансиска поддршка во Буџетот на РС Македонија.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, ако на 31.12.2021 има **зголемен број** на вработени споредено со **31.12.2020, нема обврски за враќање** средства во Буџетот на РС Македонија.

### *5.6. Образец за аплицирање*

Субјектите до Владата на РС Македонија - Генерален секретаријат, доставуваат ПРИЈАВА, изјава, копии од тековна состојба, завршни сметки за 2019 и 2020 година, копии од три договори за организирање настан или изнајмување опрема за настанот, потврда од УЈП за платени јавни давачки и листинг на вработени од АВРМ.

### *5.7. Оценување на пристигнатите пријави:*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерство за Економија, ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на РС Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно јавниот јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

### *5.8. Начин и рок за аплицирање*

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата.

Во прилог на пријавата треба да се достави:

- Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на правното лице не постара од шест месеци;  (може да се аплицира електронски или директно во Централен регистар);
- Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2020 година и копија од завршна сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2019 година.
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени јавни давачки за 2020 година согласно закон (може да се преземе електронски или директно во Управата за јавни приходи);
- Листинг на вработени - преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект (барањето може да се преземе во Агенцијата за вработување или електронски преку порталот на АВРСМ);
- Копија од три договори за организирање или изнајмување опрема на јавен настан, како и фактури и банкарски изводи за извршениот промет од ангажманот направени во текот на 2019 година, со кои се докажува поврзаност со организацијата на настанот.

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје или преку предавање во архивата на Владата секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОПЕРАТОРИ ОД ИНДУСТРИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАНИ, АГЕНЦИИ КОИ ОРГАНИЗИРААТ НАСТАНИ И ДРУГИ”.

Барањата кои нема да ги содржат бараните податоци на јавниот повик или доколку не пристигнат во рамките на рокот за поднесување, ќе се сметаат за некомплетни и/ненавремени и нема да се разгледуваат.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 25 мај 2021 година.**

**П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на ЕВЕНТ ИНДУСТРИЈА**

Назив на правното лице: ____________________________________________

ЕМБС: _______________ ЕДБ: ______________________________

Банкарска сметка: ____________________________________________

Шифра на приоритетна дејност според НКД: ______________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса/Седиште: ____________________________________________

Телефон: ____________________ електронска пошта : ________________________

УПРАВИТЕЛ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:

Име и презиме: ______________________________

Електронска пошта: ______________________________

Телефон:____________________________________

Остварен приход во 2019 година: ____________________________ ден.

Број на вработени на 31.12.2020: ______________________

Краток опис на дејноста и видот на настани во кои трговското друштво учествувало при организирање (не повеќе од 600 карактери):

| |
|---|
| |

ПРИЈАВИЛ

______________________________

(своерачен потпис на управител)

## *6. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ*

Владата на РС Македонија објави повик за финансиска поддршка за лиценцирани туристички водичи во рамки на шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија и за излез од КОВИД-19 економската криза.

Повикот има цел да обезбеди финансиска поддршка за регистрирани туристички водичи кои поради ситуацијата со Пандемијата не можеа да обавуваат дејност.

### *6.1. Предмет на поддршка*

Финансиска поддршка на туристички водичи, кои поради ситуацијата со Пандемијата, не можеа да обавуваат дејност.

### *6.2. Право на учество во јавниот повик*

Право на учество во јавниот повик имаат сите физички лица регистрирани како туристички водичи во регистарот на Министерството за Економија кои во текот на 2020 година оствариле просечен месечен нето приход, под 15.000 денари.

### *6.3. Износ на поддршка*

**Финансиската поддршка се утврдува во нето износ од 30.750 денари по лице.**

### *6.4. Образец за аплицирање*

Апликантите до Владата на РС Македонија - Генерален секретаријат доставуваат ПРИЈАВА. изјава, легитимација за работа, потврда од АВРМ дека не е во работен однос, копија од договор од туристичка агенција за ангажман во 2019 година.

### *6.5. Оценување на пристигнатите пријави*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерство за Економија ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на РС Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно оој јавниот повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

### *6.6. Начин и рок за аплицирање*

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата.

Во прилог на пријавата треба да се достави

- Легитимација за работа (документ издаден од здружението на туристички водичи и придружници на Македонија);
- Потврда од агенција за вработување дека не е во редовен работен однос;
- Договор со туристичка агенција за ангажман како туристички водич во 2019 година

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје или преку предавање во архивата на Владата секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ.”

Барањата кои нема да ги содржат бараните податоци на овој јавен повик или доколку не пристигнат во рамките на рокот за поднесување, ќе се сметаат за некомплетни и/ненавремени и нема да се разгледуваат.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 25 мај 2021 година.**

# П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ

Име и презиме: ___________________________________________________________

ЕМБГ: _______________

Банкарска сметка: ___________________________________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса: __________________________________________________________

Телефон: ____________________ електронска пошта : ________________________

Остварен нето приход во 2020 година: _____________________________ ден.

ПРИЈАВИЛ

_____________________________

(своерачен потпис)

## 7. ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕГИСТРИРАНИ И КАТЕГОРИЗИРАНИ РЕСТОРАНИ ЗА СВАДБИ

Владата на РС Македонија објави повик за финансиска поддршка регистрирани и категоризирани ресторани за свадби во рамки на шестиот пакет економски мерки за закрепнување на македонската економија за излез од КОВИД-19 економската криза.

Повикот има цел да обезбеди финансиска поддршка за регистрирани и категоризирани ресторани за свадби кои беа затворени со одлука на Владата за целосна забрана за посетители – гости.

### *7.1. Предмет на поддршка*

Финансиска поддршка на регистрирани и категоризирани ресторани за свадби, кои беа затворени со Одлука на Владата.

### *7.2. Право на учество во јавниот повик*

Право на учество во јавниот повик, имаат сите регистрирани и категоризирани ресторани за свадби.

### *7.3. Износ на поддршка*

**Основа за пресметка на поддршката се земаат просечните месечни приходи остварени во 2019 година. Висината на поддршката се пресметува како износ од 30% од просечниот месечен приход. За субјектите кои ќе поднесат пријава на јавниот повик, а кои се регистрирани во текот на 2019 година основ за пресметка се просечните месечни приходи од денот на основање до крај на 2019 година. Дополнително, секој регистриран активен субјект ќе добие финансиска поддршка во износ од 15.200 денари по вработен, според бројот на ефективни работни часови, со пресек на 31.12.2020.**

### *7.4. Посебни услови за користење на финансиската помош*

Секој правен субјект кој ќе аплицира и на кој ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 има намален број на вработени споредено со 31.12.2020 тогаш има обврска да врати 50% од применатa финансиска поддршка во Буџетот на РСМ.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и добие средства од јавниот повик, доколку на 31.12.2021 го задржал истиот број на вработени како на 31.12.2020 има обврска да врати 20% од вкупниот износ на финансиска поддршка во Буџетот на РСМ.

Секој правен субјект кој ќе аплицира и ќе му бидат исплатени средства од јавниот повик, ако на 31.12.2021 има зголемен број на вработени, споредено со 31.12.2020 нема обврски за враќање средства во Буџетот на РСМ.

### *7.5. Образец за аплицирање*

Субјектите до Владата на РС Македонија - Генерален секретаријат доставуваат ПРИЈАВА, изјава, решение за категоризација, копии од тековна состојба, завршни сметки за 2019 и 2020 година, потврда од УЈП за платени јавни давачки и листинг на вработени од АВРМ.

### *7.6. Оценување на пристигнатите пријави*

Комисија формирана од Генерален Секретаријат и Министерството за Економија ќе ги разгледува поднесените барања и ќе изготви извештај од евалуација, и пресметка за исплата на усвојување до Владата на Република Северна Македонија. Барањата кои нема да ги содржат потребните податоци согласно овој јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

*7.7. Начин и рок за аплицирање*

Пријавата се доставува во еден оригинален примерок заверен и потпишан од страна на одговорното лице на субјектот, како и изјава со која подносителот на пријавата прифаќа целосна морална, материјална и кривична одговорност за точноста на податоците наведени во пријавата.

Во прилог на пријавата треба да се достави:

- Решение за категоризација (документ издаден од Министерство за економија),
- Копија од тековна состојба од уписот во регистарот на други правни лица за регистрација на правното лице не постара од шест месеци; (може да се аплицира електронски или директно во Централен регистар);
- Копија од завршната сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2020 година и копија од завршна сметка (биланс на состојба и биланс на успех) за 2019 година;
- Потврда од Управата за јавни приходи за платени јавни давачки за 2020 година согласно закон (може да се преземе електронски или директно во Управата за јавни приходи);
- Листинг на вработени - преглед на пријави/одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект (барањето може да се преземе во Агенцијата за вработување или електронски преку порталот на АВРСМ).

Пријавата се доставува во затворен плик преку пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија – Генерален секретаријат, бул. „Илинден“ бр.2, 1000 Скопје или преку предавање во архивата на Владата секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот.

На предната страна на пликот во горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВОРАЈ”, а под тоа „ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА РЕГИСТРИРАНИ И КАТЕГОРИЗИРАНИ РЕСТОРАНИ ЗА СВАДБИ.”

Барањата кои нема да ги содржат бараните податоци на јавниот повик или доколку не пристигнат во рамките на рокот за поднесување, ќе се сметаат за некомплетни и/ненавремени и нема да се разгледуваат.

**Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до 30 мај 2021 година.**

## П Р И Ј А В А за повикот за ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА на РЕСТОРАНИ ЗА СВАДБИ

Назив на правното лице: ________________________________________________________________

ЕМБС: _______________ ЕДБ: _______________________________________

Банкарска сметка: ____________________________________________________________________

Шифра на приоритетна дејност според НКД: __________________________________________

ПОДАТОЦИ ЗА КОНТАКТ:

Адреса/Седиште: ____________________________________________________________

Телефон: ____________________ електронска пошта : ________________________

УПРАВИТЕЛ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ:

Име и презиме: __________________________________

Електронска пошта: ________________________________

Телефон:__________________________________________

Остварен приход во 2019 година: _____________________________ ден.

Број на вработени на 31.12.2020: _____________________

ПРИЈАВИЛ

_____________________________
(своерачен потпис на управител)

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист Јулија Минковска*

## *ЗАДРШКИ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА РАБОТНИКОТ*

***Правото на работникот на заработувачка плата, како и начинот на утврдување и намалување на платата, односно задржување на платата по било кој основ е регулирано согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РСМ" 62/05...267/20),Законот за извршување ("Службен весник на РСМ" 72/16; 142/16; 233/18; 14/20) и други подзаконски акти.***

### *ВОВЕД*

Работникот има право на заработувачка, плата, согласно со Закон, Колективен договор и Договорот за вработување.

Плаќањето на работата според договорот за вработување, мора секогаш да биде во парична форма.

Во Договорот за вработување, работодавачот треба да ја внесе и висината на основната плата на работникот, односно платата определена земајќи ги предвид барањата на работното место, за кое работникот склучил договор за вработување.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

Во секојдневното работење, работодавачот често пати се соочува со дилемата на кој начин да изврши запирање од платата на работникот **(задршка од плата)**, односно да ја намалат платата на одделен работник по некој основ (неизвршување на работни задачи и слично), при што се мешаат поимите **"задршка од плата"** и **"намалување на платата".**

## *1. ПЛАЌАЊЕ НА РАБОТАТА*

Согласно член 105 од Законот за Работни односи (***во натамошниот текст ЗРО***), работникот има право на заработувачка - плата, согласно со закон, колективен договор и договорот за вработување.

Плаќањето на работата по договорот за вработување, мора да биде секогаш во парична форма.

При исплатата, работодавачот мора да го почитува најнискиот износ определен со колективен договор, во согласност со закон, кој непосредно го обврзува работодавачот.

### *1.1. Исплата на плата*

Согласно член 109 од ЗРО, платата на работникот за работа со полно работно време, не може да биде пониска од минималната плата, утврдена според закон и колективен договор.

Работодавачот е должен за еднаква работа, со еднакви барања на работното место, да исплаќа еднаква плата на работниците без оглед на полот.

**Платата се исплатува за периоди, кои не смеат да бидат подолги од еден месец.**

Платата се исплатува **најдоцна 15 дена,** по изминувањето на исплатниот период.

Ако денот на исплаќањето е слободен ден, платата се исплатуваа најдоцна идниот прв работен ден

Работодавачот е должен претходно писмено да ги извести работниците, за денот на исплатувањето и за секоја промена на денот на исплатувањето.

Работодавачот е должен на работникот да му ја исплати платата до крајот на денот на исплаќање на вообичаеното место за исплата.

Ако платата се исплатува преку банка на сметката на работникот или на друг безготовински начин, платата мора да му биде на располагање на работникот на определениот ден за исплатување, освен ако страните поинаку не се договориле.

Работодавачот е должен да му издаде на работникот при секое исплатување на платата како и **до 31 јануари на новата календарска година,** писмена пресметка на платата, придонесите од плата и надоместоците на платата за платниот

перид, односно за изминатата година од кои, исто така, се гледаат и пресметката и плаќањето на даноците и придонесите.

**Трошоците во врска со исплатата на платата, паѓаат на товар на работодавачот.**

## *2. ЗАДРЖУВАЊЕ И НАМАЛУВАЊЕ НА ПЛАТАТА НА РАБОТНИКОТ*

Согласно член 111 од ЗРО, работодавачот може да го задржи исплаќањето на платата, само во законски определените случаи.

Сите одредби на Договорот за вработување, кои определуваат други начини на задржување на исплатата, **се ништовни, и немаат правно дејство.**

**Работодавачот не смее своите побарувања кон работникот**, без негова писмена согласност, **да ги порамни со својата обврска за исплата на платата**, а работникот пак не смее да даде согласност, пред настанувањето на побарувањето на работодавачот.

### *2.1. Ограничување на висината на задршка*

Ограничувањето на висината на износот кој може да се задржи од плата е регулирано во член 117 од Законот за извршување, каде е наведено дека:

- **Извршувањето врз плата и пензија**, како и врз
- **Надоместок наместо плата**, за побарување врз основа на законска издршка,
- Надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и
- **Надоместок на штета за загубена издршка,** поради смрт на давачот на издршката, може да се спроведе до износот од**:**

**1/2 (една половина**), а за

- Побарувања по друга основа - до износот од:

**1/3 (една третина) на платата или пензиј**ата.

**По исклучок, за граѓаните приматели на:**

- **Плата** до висина на просечна плата во моментот на изготвување на налогот за извршување,
- **Пензија** до висина на просечната пензија,
- **Надоместок** на трошоци за сместување на лице и надоместок за згрижување на згрижувачко семејство, како и за
- **Децата** корисници на семејна пензија,

**Извршувањето се спроведува до**

**1/5 (една петина), на платата, пензијата, односно надоместокот.**

Оваа Одредба се применува и врз примањата на лица во резервниот состав на армијата и полицијата.

Извршувањата врз примањата на воени и мирно временски воени инвалиди врз основа на инвалиднина, ортопедски додаток и инвалидски додаток, може да се спроведе само за побарувања врз основа на **законска издршка**, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка, поради смрт на давачот на издршката **и тоа до износот од една половина на тоа примање**.

Извршување врз примањето врз основа на договор за доживотна издршка и доживотна рента, како и врз примањето врз основа на договор за осигурување на животот, може да се спроведе само на делот кој го надминува износот на најниската социјална помош, која се исплатува на подрачјето на кое должникот има живеалиште.

***НАПОМЕНА: На овој начин со задршка на 1/2 односно 1/3 од платата, долгот се враќа на рати, а егзистенцијата на работникот не е нарушена.***

## *3. ВИДОВИ НА ЗАДРШКИ ОД ПЛАТА*

Задршката на исплаќање на платата е механизам утврден со Законот за Работни односи, со кој на работникот не му се исплатува износот на неговата ефективна нето плата во целост, во точно определени случаи.

Најчесто задржување од платата на работникот, се врши по основ на:

**1. Задршка на плата преку Пребивање;**
**2. Задршка на плата преку Парична казна;**
**3. Задршка на плата преку Налог за извршување;**
**4. Задршка на плата преку Административна забрана;**

### *3.1. Задршка на плата преку пребивање - порамнување*

Во случаи кога работникот не го плати износот што му го должи на работодавачот по разни основи, работодавачот со согласност од работникот, може да ја надомести штетата преку задршки од платата ***(одеднаш или на неколку рати, ако се работи за поголем износ)***, да изврши задршка на примениот аванс ***(ако така е определено со акт на работодавачот)*** или задршка на дадениот заем или друго побарување ***(ако е тоа утврдено во договорот за заем)***, со цел да не се води евентуална судска постапка за надоместување на штетата, која ќе ги зголеми трошоците на работникот.

#### *3.1.1. Задржување на платата на работникот за надомест на штета, предизвикана на работодавачот*

Согласно член 156 од ЗРО, работникот ***кој на работа или во врска со работата*** намерно или од тешка небрежност му предизвика штета на работодавачот е должен да ја надомести.

За утврдување на одговорноста на работникот потребно е утврдување на висината на страна на работникот за предизвиканата штета.

Работникот може да биде ослободен од одговорноста, само ако се работи за обично невнимание, односно невнимание од особено грижлив и внимателен човек.

Ако повеќе работници предизвикаат штета, се кој меѓу нив е одговорен за оној дел на штетата што ја предизвикал.

Ако за секој работник не е можно да се утврди колкав дел од штетата предизвикал**, *сите работници се еднакво одговорни и ја надоместуваат штетата во еднакви делови.***

Ако повеќе работници предизвикале штета со намерно казни во дејствие, за штетата се солидарно одговорни.

***Солидарна одговорност*** значи право на работодавачот да бара надоместување на целокупната штета одбило кој работник, независно од степенот на неговото учество во нејзиното предизвикување.

Со надоместување на штетата од еден работник како должник се гаси облигацијата, но останува правото на должникот што ја исполнил обврската да бара од другите работници (должници), надомест на делот од неговата обврска.

### *3.1.2. Задржување на платата на работникот за надомест на штета предизвикана на трети лица*

Согласно член 156 став, 5 од ЗРО, ако работникот на работа или во врска со работата, намерно или од крајно невнимание, предизвика штета на трето лице, работодавачот е должен на тоа лице да му ја надомести штетата, а работникот е должен да ја надомести штетата на работодавачот (***која работодавачот ја надоместил на трето лице)***, ако штетата ја предизвикал намерно или од крајно невнимание.

Одговорноста на работодавачот за штетата што ја предизвикал работникот спрема трети лица е регулирана и согласно член 157 од ЗРО.

Согласно оваа одредба, работодавачот не е одговорен за штетата што работникот ќе му ја предизвика на трето лице, ако докаже дека работникот во дадените околности постапувало како што требало.

Во ваков случај се утврдува дали работникот постапувал според правилата на професијата, не само на работодавачот, туку и општите норми засновани на теоријата, искуството и други нормативи од соодветна област.

Доколку штетата ја сторил намерно или од крајно невнимание, работодавачот има право да бара работникот да му го надомести платениот износ, ***во рок од шест месеци*** *од* денот на исплатениот надомест.

Во овој случај, се цени степенот на вината на работникот, односно постоењето свест на работникот за настанување на штетните последици и непреземањето на дејствија за нивно отстранување, што значи се согласил со нивното настанување.

Ако утврдувањето на висината на штетата би предизвикало несразмерни трошоци, ***обештетувањето може да се определи во паушален износ,*** ако случаите на штетните дејствија на работникот и висината на паушалното обештетувње се определени со Колективен Договор.

Со Колективен договор за работникот, можат да се определат начинот и условите за намалување или простување од плаќањето на обештетувањето.

Ако на работникот му е предизвикана штета при работа или во врска со работата, работодавачот е должен да му ја надомести штетата, според општите правила на одговорност за надоместок на штетата.

Одговорноста за обештетување на работодавачот се однесува, исто така, и на штетата која работодавачот ја предизвикал со кршењето на правата на работникот, од работниот однос.

Со задршка на износ ***во висина на 1/3 од платата*** на работникот-должник, штетата се надоместува на рати секој месец, се до конечно надоместување на штетата од плата.

**Работниците, секој поединечно даваат изјава за согласност, да се изврши задршка на 1/3 од плата, за да ја надоместат штетата.**

Врз основа на член 111 и член 156 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ", 62/05...267/20) Управителот на Друштвото за ______________________ ДОО/ ДООЕЛ Скопје на ден ______________ 2019 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за надомест на штета**

Се утврдува штета предизвикана со тешка небрежност при работењето од страна на работници, вработени во Друштво за ________________________ ДОО/ДООЕЛ Скопје, во **висина од 185.000,00 денари.**

**Се задолжуваат работниците:**

1. ___________од______, со живеалиште на ул.____________, со ЕМБГ____________________;

2. ___________од______, со живеалиште на ул,____________, со ЕМБГ________________________;

3. ___________од______, со живеалиште на ул,____________, со ЕМБГ________________________;

4. ___________од______, со живеалиште на ул,____________, со ЕМБГ__________________________.

да му ја надоместат предизвиканата штета на работодавачот и тоа секој работник одделно, **во износ од 46.250,00**.

Штетата ќе се надомести на начин што работодавачот своето побарување од предизвиканата штета кон работниците ќе го пребие со својата обврска за исплата на плата, односно **со задржување на износ од 1/3 од платата на работникот поодделно до конечната исплата на штетата.**

**Образложение:**

Согласно одредбите од член и 156 од Законот за работни односи, работниците:

______________________________ од ____________________,
______________________________ од ______________________
______________________________ од ____________________ и
______________________________ од ____________________,

со тешка небрежност при работењето му предизвикаа штета на работодавачот **во висина од 185.000,00 денари.**
***(да се опише повредата и настанот како настанала {тетата и што пропуштиле работниците да направат пред да настанала штетата).***

Во Друштвото за робата се задолжени гореспоменатите работници, па од причини што не може да се утврди кој од работниците ја предизвикал штетата, работодавачот одлучи штетата да ја надоместат сите работници на еднакви делови по **46.250,00 денари секој од нив.**

Поради наведените причини, работодавачот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

***ПРАВНА ПОУКА:Против ова решение работникот има право на приговор до управителот на друштвото, во рок од 8 дена од денот на приемот на истото.***

**Скопје 05.05.2021 година**

Управител

______________________

**Доставено до:**
- Работникот;
- Архива:
- Сметководство.

**ИЗЈАВА-СОГЛАСНОСТ**

Јас, ____________ со адреса на ул. ________бр. Со ЕМБГ________, вработен во Друштвото за ________ ДОО Скопје под полна морална одговорност, **ИЗЈАВУВАМ** дека сум согласен/на работодавачот да изврши порамнување на штетата во висина од ___________ што му ја предизвикав, утврдена со Решение бр. _____ од 05.05.2021 година, и неговата обврска за исплата на палта.

Согласен сум износот од ___________ денари што **претставува 1/3 од мојата плата** да биде задржан почнувајќи со исплатата на плата за месец **Мај 2021** година па се до конечното намирување на штетата **во висина на 46.250,00 денари.**

**Работник**

______________________

### *3.2. Задршка на плата преку парична казна*

Согласно член 84 од ЗРО, во зависност од степенот на одговорноста на работникот, условите под кои е направена повредата на работните обврски и на работниот ред и дисциплина, поранешната работа и однесување на работникот, тежината на повредата и нејзините последици, работодавачот може на работникот **да му изрече парична казна, која не може да биде поголема од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот, во траење од еден до шест месеца.**

Работодавачот е должен да го наведе основот за доделување на парична казна на работникот и да ја докаже основаноста на причината која ја оправдува паричната казна, со донесување **на Одлука за изрекување на парична казна**, која задолжително се дава во писмена форма, со образложение на основот и причината за изрекување на паричната казна со Правна поука и Приговор.

Одлуката за изрекување на парична казна може да се спроведе по нејзина правосилност (***истекот на рокот за приговор, ако не е поднесен приговор или донесување на второ степена Одлука, со која се потврдува Одлуката за изрекување на парична казна).***

***НАПОМЕНА:*** **Изречената казна се задржува од платата на работникот, односно неговата плата се намалува за процентот кој е наведен во Одлуката, онолку месеци колку што таа е изречена, за што не е потребна согласност од работникот.**

### *3.3. Задршка на платата преку (Налог за извршување)*

Согласно член 128 од Законот за извршување, наведени се посебни одредби за извршување врз плата, во ситуации кога работникот по други основи се јавува како должник на физички и правни лица.

Како други основи каде работникот се јавува како должник се сметаат долгови на работникот за неплатени сметки, должничко-доверителски односи кои имале правна завршница, а потоа и извршување преку извршител.

***НАПОМЕНА:*** **Задршката на плата во овие случаи неможе да биде поголема од 1/3 од ефективната плата на работникот.**

Извршителот со налогот за извршување врз плата, определува забрана на определен дел од платата и му наложува на работодавачот кој на работникот - должник му ја исплатува платата, паричниот износ за кој е наложено извршувањето да му го исплати на сметка на извршителот.

Работодавачот е должен да постапи по налогот за извршување и да започне со пренос на средствата со исплатата на наредната неисплатена плата на работникот, онака како што е определено во налогот за извршување.

**На работникот може да му се задржува најмногу до 1/2 од платата за:**

- **Законска издршка,**
- **На доместок на штета поради нарушување на здравјето и намалување или губење на работната способност.**

Ако во текот на спроведување на извршувањето на работникот му се намали/зголеми платата, извршувањето ќе се спроведува врз новиот износ на платата ***(задршката од 1/3 односно 1/2 ќе се пресметува од новиот износ на платата).***

### *3.3.1. Обврски на работодавачот*

Законот за извршување во членовите 131 до 134, го предвидува начинот на спроведување на налогот за извршување врз плата:

1. **Кога има повеќе налози за извршување;**
2. **Кога има промени во статусот на вработувањето на работникот (*работникот преминува кај друг работодавач*).**

**1) Кога кај работодавачот ќе пристигне нов налог за извршување**, а работодавачот веќе спроведува претходен налог за извршување, работодавачот е должен да го извести извршителот, **дека не може веднаш да постапува по вториот налог на извршителот**, за тоа што на истиот работник веќе врши задршка од плата, по друг налог за извршување.

Пристигнатите налози за извршување, се спроведуваат по оној редослед **по кој пристигнале кај работодавачот**.

Ако во ист ден пристигнат повеќе налози за извршување, тие се спроведуваат **според времето на приемот**.

Кога кај работодавачот ќе пристигне **пресуда за законска издршка** и ако право на законска издршка, спрема ист должник имаат **повеќе лица**, а вкупниот износ на нивните побарувања го надминува делот од платата кој може да биде предмет на извршување и **кој изнесува 1/2 од платата на работникот,** извршувањето се спроведува во корист на секој прималец на законската издршка **сразмерно на висината на нивните побарувања**.

Ова значи дека работодавачот ќе продолжи со запирање на плата од првиот налог и ќе започне со запирање на плата од новиот налог, а износите ќе бидат сразмерни за двата налога и нивниот збир **не може** да ја надмине висината на **1/2 од платата на работникот**.

Кога работодавачот веќе спроведува налог за извршување по други основи и пристигне налог за извршување по основ на законска издршка, работодавачот е должен во зависност од висината на издршката да го прекине извршува њето на првиот налог и да за почне со спроведување на налогот за законска издршка, за тоа што овој налог има првенство во спроведување.

Ако износот на законската издршка **е помал од 1/3 од платата на работникот,** прво се задржува тој износ, а со остатокот на износот **до висина од 1/3 од платата,** се спроведува првиот налог за извршување.

**Работодавачот и во двата случаи е должен да го извести извршителот:**

- **За запирање на извршувањето, или**
- **За продолжување на извршувањето во помал износ од претходниот.**

Во пракса, во налогот за извршување или во пресудата за законска издршка, веќе се наведени процентите или износите по кои работодавачот треба да постапи.

**2). Во текот на спроведувањето на извршувањето**, ако на работникот-должник му **престане работниот однос,** по било кој основ работодавачот има обврска за ваквата промена на статусот на работникот да го извести извршителот без одлагање.

Ако работникот преминал од еден кај друг работодавач, првиот работодавачот е должен без одлагање со препорачана пратка, да го до стави налогот за извршување до работодавачот кај кого должникот засновал работен однос и за тоа да го извести из вршителот.

**Налогот за извршување, има дејство спрема вториот работодавач, од денот на доставување на истиот.**

*3.3.2. Одговорност за пропуштено запирање и исплата на пристигнати рати*

Работодавачот **е должен редовно** да го спроведува налогот за извршување, односно утврдениот износ на задршка на плата од налогот за извршување да го уплатува на сметката на извршителот.

***Ако работодавачот не го спроведува редовно налогот за из вршување, извршителот има можност од сметката на работодавачот да го префрли на своја посебна сметка, паричниот износ во висината на сите пропуштени рати.***

Ако заради неспроведувањето на налогот за извршување делумно или целосно доверителот претрпи штета, работодавачот е одговорен за таквата штета.

### *3.4. Задршка на плата преку (Административна забрана)*

Согласно Законот за извршување, забраната ставена на платата на должникот по негова согласност (***административна забрана***), има правно дејство на налог за извршување врз плата.

Административна забрана од плата служи како обезбедување или отплата на рати, кога работникот-должник подига кредит од Банка.

При подигање на кредит, работникот-должник дава согласност дека работодавачот месечно ќе му задржува од реден износ на средства, ***кој не може да биде поголем од 1/3 една третина од неговата плата***, и истите ќе ги префрла во Банката во која работникот-должник, подигнал кредит.

Сите правила и обврски што се однесуваат за спроведување на на логот за извршување се однесуваат и на административната забрана, особено кога кај работодавачот ќе пристигнат повеќе административни забрани.

**За било кој вид на задршка на плата работодавачот мора да има соодветен документ, како што се:**

- **Решение за надомест на штета и Изјава од работникот;**
- **Решение за парична казна на работникот;**
- **Правосилно извршно решение;**
- **Изјава за Административна забрана.**

## *4. ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА НА РАБОТНИК СО ИЗРЕЧЕНА ПАРИЧНА КАЗНА*

**ПРИМЕР:** Управителот на Трговско друштво " Хит" има донесено Одлука за парична казна на работникот "НН" при исплата на плата за месец ***МАЈ/2021 година***, во висина од **4.456,00 денари** (**15%** од Нето платата изнесува **29.709,00 денари).**

**Пресметката на плата, ќе биде следната:**

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **44.546,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 8.375,00 |
| 3. Придонес за задолжително здравствено осигурување (1 x 7,5) | 3.341,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 535,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 223,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **12.474,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 32.072,00 |
| 8.Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9.Даночна основа за пресметка на данок (7 -8) | 23.634,00 |
| **10. Данок на личен доход 10% (9 x 10%)** | **2.363,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **29.709,00** |
| 12. Парична казна (29.709 x 15%) | 4.456,00 |
| **13. Ефективна НЕТО плата по задршка (11 – 12)** | **25.253,00** |

### *4.1. Пополнување на МПИН - Пријавата*

Пополнувањето на електронскиот образец МПИН се врши на вообичаен (редовен) начин, со исклучок на полето **3.31 – Ефективна нето плата,** во кое наместо Нето плата во износ **од 25.709,00 денари,** се внесува **износот од 25,253,00 денари *(Нето плата намалена за износот на паричната казна).***

| 1. **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| 2. Поле – 3.5 | Траење на стаж во денови | 30 |
| 3. Поле – 3.6 | Ефективна работа - часови | 176 |
| **4. Поле – 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **44.546** |
| 5. Поле – 3.14 | Основица за придонеси | 44.546 |
| 6. Поле – 3.15 | Придонес за ПИОМ | 8.375 |
| 7. Поле – 3.42 | Придонес за здравство | 3.341 |
| 8. Поле – 3.42 | Придонес за допол.здравство | 223 |
| 9. Поле - 3.44 | Придонес за вработување | 535 |
| 10. Поле - 3.46 | Данок на личен доход | 2.363 |

| | | |
|---|---|---|
| **11. Поле - 3.16** | **Шифра за вид на сигурување** | **0050** |
| 12. Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолж.соц. осигурување | |
| 13.Поле - 3.13 | Нето плата | 29.709 |
| **14.Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **25.253** |
| 15.Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

### *4.1. Насоки за задршки од плата во МПИН - пресметката*

Врз основа на наведеното, во МПИН пресметките воведена е нова контролна мерка за ефективната нето плата за исплата по вработен: **(поле 3.31 од клиентски софтвер).**

Доколку работодавачот за одреден вработен внесе нето плата за исплата помала во однос на законски предвидените ограничувања, **се генерира предупредување (917) – Ефективната нето плата е помала од нето основицата.**

За да се корегира ова предупредување, потребно е пресметката на нето платата да се усогласува постојано, согласно законските одредби, **за задржување на нето платата по разни основи.**

Управата за јавни приходи ги информира работодавачите дека непочитувањето на законски пропишаниот максимален износ за задршка од плата се третира како ризик и ризичните работодавачи ќе бидат контролирани согласно законите.

**Книжење:**

1457 - Останати неспомнати побарувања од вработени за изречена парична казна 4.456,00
7694 - Останати неспомнати приходи од наплатени парични казни од вработени 4.456,00
***- (по Одлука за утврдена парична казна);***

420 - Вкалкулирани плати 44.546,00
240 - Обврски за плата 44.546,00
***- (за пресметка на плата);***

| | | | |
|---|---|---|---|
| 240 - Обврски за плата | 44.546,00 | | |
| 2430 - Нето плата | | 29.709,00 | |
| 2340 – Данок на личен доход | | 2.363,00 | |
| 2343 - Придонес за ПИО | | 8.375,00 | |
| 2344 - Придонес за здравств. осигурување | | 3.341,00 | |
| 23441 - Дополнителен придонес за здравствено сигурување | | 223,00 | |
| 2345 - Придонес за вработување | | 535,00 | |

***- (за пресметка на даноци и придонеси);***

| | | |
|---|---|---|
| 2430 - Нето плата | 29.709,00 | |
| 2340 – Данок на личен доход | 2.363,00 | |
| 2343 - Придонес за ПИО | 8.375,00 | |
| 2344 - Придонес за здравствено осигурув. | 3.341,00 | |
| 23441 – Доп. прид. за здр. осигурување | 223,00 | |
| 2345 - Придонес за вработување | 535,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 40.090,00 |
| 1457 – Останати неспомнати побарувања од вработените за изречена парична казна | | 4.456,00 |

**- (*за исплатена плата, и задршка од плата).***

### *4.2. Донесување на Одлука за користење на задршки од плата*

Изречената парична казна да се задржи од платата на работникот по правосилноста на донесената Одлука и истата да се евидентира како приход на друштвото.

## ОДЛУКА
## за изрекување на парична казна поради кршење на работниот ред и дисциплина

Работникот „НН", вработен на работно место Шеф на продажно оделдение, подолг период неоправдано доцни на работно место, со што го прекрши работниот ред и дисциплина, не ги почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на работодавачот, поради што му се изрекува парична казна, во **висина од 15% од неговата последна исплатена нето плата, во траење од три месеци.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Работникот „НН” во последните три месеци, повеке пати доцни на работа, без да го оправда своето задоцнување.

Истиот, усно беше опоменуван повеке пати, но и покрај опомените, доцнењето не работникот продолжува трет месец по ред.

**Место, датум** **Управител**

_________________ ____________________

***Правна поука: Работникот има право на Приговор во рок од 8 дена од приемот на Одлуката, до надлежниот орган на друштвото. Поднесениот приговор го одлага извршувањето на Одлуката.***

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*М-р. Христина Игнатоска*

## ГОДИШЕН ОДМОР

***Согласно Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" 62/05...267/20), работникот има право на годишен одтор во траење од најмалку 20 работни дена, а годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување, може да се продолжи до 26 работни дена.***

***ВОВЕД***

Согласно одредбите од член 32 став 5 од Уставот на Република Македонија ("Службен весник на РМ" 52/91...107/05), секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор.

Ова уставно начело е разработено во член 145 став 2 од Законот за работни односи (''Службен весник на РМ'' 62/05…267/20), според кој ништовна е било каква спогодба, со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.

Законот за работни односи го нормира траењето на годишниот одмор, начинот на определување на траењето на истиот, користење на годишниот одмор, како и други прашања поврзани со истиот.

Врз основа на одредбите од член 4 од Законот за работните односи, се применува и за работниците од земја членка на ЕУ, како и претпријатие од земја која не е членка на ЕУ, за склучените договори за работа, склучени за вршење на работа на територијата на РМ.

Наведената одредба за годишен одмор се однесува и за работниците упатени на привремена работа во РМ од работодавач во земја членка на ЕУ или од земја која не е членка на ЕУ.

### *1. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Работникот има право на дневен одмор во траење од најмалку 12 часа непрекинато, во текот на 24 часа.

Работникот има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато. Ден на неделниот одмор по правило е недела.

Заради објективни, технички и организациони причини, на работникот може да му се обезбеди неделен одмор, во некој друг ден во неделата.

Должината на годишниот одмор, согласно член 40 од Општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, се утврдува согласно:

- *Времето поминато во работен однос;*
- *Сложеноста на работите на работното место;*
- *Условите за работа;*
- *Здравствената состојба на работникот и за*
- *Работник помлад од 18 години.*

Доколку работникот го надминува максимумот по основ на наведените критериуми, има право на годишен одмор најмногу до 26 работни дена.

Должината на годишниот одмор, стекната по основ на Здравствената состојба на работникот и за Работник помлад од 18 години, може да изнесува и повеќе од 26 работни дена.

Со колективниот договор на ниво на гранка, оддел или на ниво на работодавач, можат да се утврдат и други критериуми, со кои ќе се определува должината на траењето на годишниот одмор, а исто така може да се определи и времетраење на годишен одмор над 26 работни дена, за работниците кои работат во исклучително тешки услови за работа.

Покрај тоа, годишниот одмор е регулиран со одредбите од членот 137 од Законот за работни односи. Според истиот:

*Работникот има право на годишен одмор во траење од најмалку* ***20 работни дена****, а годишниот одмор со колективен договор или договор за вработување, може да се продолжи до* ***26 работни дена.***

Право на **уште три работни дена** годишен одмор имаат:

- повозрасен работник (жени повозрасни од 57 години и мажи повозрасни од 59 години),
- инвалид,
- работник со најмалку 60% телесно оштетување и
- работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток.

Работодавачот е должен на работникот да му издаде решение за правото на користење на годишен одмор.

Законските одредби се темелат на Конвенцијата 132 за платен годишен одмор, на Меѓународната организација на трудот (ратификувана со Законот за ратификација на Конвенцијата), која е имплементирана во нашиот правен систем.

Правото на годишен одмор му припаѓа на секој работник, кој е во работен однос и кој ги исполнува условите определени со закон. Тоа право се користи за секоја календарска година, и проследено со правото на надоместок на плата и правото за исплата на регрес за годишен одмор.

Оваа право го имаат сите работници, без оглед на тоа дали склучиле договор за работа на определено или неопределено време, дали се приправници или не, дали работат со полно работно време или пократко од полното работно време, дали работат во земјата или во странство и друго.

## *2. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Траењето на годишниот одмор се определува според времето поминато во работен однос, сложеноста на работното место, условите за работа, здравствената состојба на работникот и други критериуми утврдени со колективниот договор.

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

### *3. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Работникот кој за првпат заснова работен однос се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа **од најмалку шест месеца кај ист работодавач**, без оглед на тоа дали работникот работи полно работно време или пократко работно време од полното.

Во пракса оваа законска одредба “најмалку шест месеци непрекината работа” понекогаш создава одредени проблеми, особено ако се толкува како време изречно поминато на фактичко извршување на работите од работно место за кое е склучен договорот за вработување.

При пресметување на вре-мето поминато на работа мора да се смета и времето во кое работникот не работел, односно кога одсуствувал без своја вина: болест, повреда или родителство, затоа што тоа време се смета во работен стаж.

Според тоа, треба да се истакне дека отсуството на работникот од работа без негова вина, односно за време за кое прима надомест на плата, нема влијание врз неговото право на платен годишен одмор, ниту пак на неговото траење.

### *4. ПРАВО НА ПРОПОРЦИОНАЛЕН ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Работникот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор, во вкупен износ од **по два дена** за секој месец работа, ако:

- во календарската година во која склучил работен однос не се стекнал со правото на целосен годишен одмор;
- му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, по истекувањето на кој би добил право на целосен годишен одмор.

Во првиот случај станува збор за работник кој не го исполнува условот за стекнување правото на користење годишен одмор, определен со член 139 од Законот за работни односи, односно во календарската година во која склучил договор за работа не остварил непрекината работа кај истиот работодавач, во траење од 6 месеци.

***Пример:***

*Работникот НН засновал работен однос и стапил на работа кај работодавачот ТТ ДООЕЛ Скопје на ден 01.08.2020 година. До крајот на 2020 година, работникот работел непрекинато полни пет месеци во работен однос кај работодавачот. Поради неисполнување на условот за шест месеци непрекинато траење на работен однос кај ист работодавач, на работникот му следува пропорционален дел од годишниот одмор за 2020 година. Односно 5 месеци * 2 дена за секој месец = 10 работни дена годишен одмор.*

Во вториот случај станува збор за ситуација кога престанува важноста на договорот за вработување, но пред истекот на рокот за стекнување право на користење целосен годишен одмор.

***Пример:***

*Работникот АА засновал работен однос кај работодавачот ББ ДООЕЛ Скопје на ден 01.03.2021 година. На ден 13.06.2021 година му престанува работниот однос со потпишување Спогодба за раскинување на Договорот за работа, според член 69 од ЗРО. Работникот АА бил на работа кај работодавачот ББ ДООЕЛ Скопје, 3 месеца и 13 дена.*

*Работникот А.А. има право на годишен одмор во времетраење од 6 работни дена. Траењето на годишниот одмор на работникот, се определува земајќи ги во предвид само полните месеци (три месеци) помножени по 2 работни дена за секој месец. (3 месеци *2 раб. дена = 6 раб. дена годишен одмор).*

## *5. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Годишниот одмор се користи, земајќи ги предвид потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на работникот, водејќи сметка за неговите семејни обврски.

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

*Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што **еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две работни недели.***

Работодавачот е должен на работникот да му обезбеди искористување на **ДВЕ НЕПРЕКИНАТИ РАБОТНИ НЕДЕЛИ** годишен одмор, до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година. Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година, заради отсутност поради боледување или повреда, отсуство поради бременост, раѓање или мајчинство или одмор за нега и чување на дете, работникот има право да го искористи до **30 јуни** идната календарска година.

Работникот кој работи во странство може во целост да го искористи годишниот одмор до крајот на идната календарска година, ако е така определено со колективниот договор на работодавачот.

Ништовна е каква било спогодба, со која работникот би се откажал од правото на годишен одмор.

Должината и начинот на користењето на годишниот одмор во установите од областа на образованието и науката, се уредуваат со прописите од областа на образованието и науката, поради специфичноста на оваа област која подразбира посебен режим на одмарање, поврзан со законски пропишаните периоди за одмор на учениците и наставниот кадар во училиштата.

Работникот има право два дена од годишниот одмор да ги искористи, во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести работодавачот, **најдоцна три работни дена,** пред користењето.

### *6. ПЛАЌАЊЕ НА НЕИСКОРИСТЕНИОТ ДЕЛ НА ГОДИШНИОТ ОДМОР*

Работникот има право на ***надоместок на неискористениот дел од годишниот одмор,*** пред престанок на работниот однос:

- *ако претходно побарал користење на годишен одмор, а не му било овозможено користење на годишен одмор,*
- *а работниот однос му престанал не по негова вина и волја.*

Работникот има право за надомест на неискористениот дел од годишен одмор само во наведениот случај. Во сите други случаеви, работникот нема право на надомест на неискористениот годишен одмор.

## *7. ПЛАТЕН ОДМОР*

Работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности (за склучување на брак, раѓање на дете (само за таткото) или смрт на близок роднина) до седум работни дена.

Деновите на платениот одмор се утврдуваат со колективен договор и по сите основи, не може да изнесуваат повеќе од седум работни дена и тоа:

| **ПЛАТЕН ОДМОР** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **ОСНОВ** | **РАБОТНИ ДЕНОВИ** |
| **1** | **за склучување на брак** | ***3 дена*** |
| **2** | **за склучување брак на дете** | ***2 дена*** |
| **3** | **за раѓање или посвојување дете** | ***2 дена*** |
| **4** | **за смрт на сопружник или дете** | ***5 дена*** |
| **5** | **за смрт на родител, брат, сестра** | ***2 дена*** |
| **6** | **за смрт на родител на сопружник** | ***2 дена*** |
| **7** | **за смрт на дедо или баба** | ***1 ден*** |
| **8** | **за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот** | ***до 3 дена*** |
| **9** | **за елементарните непогоди до** | ***7 дена*** |

## *8. НЕПЛАТЕНО ОТСУСТВО*

Работникот може да отсуствува од работа без надомест на плата и придонеси од плата, најдолго 3 месеци, во следните случаи:

- *за нега на член на семејството;*
- *за изградба или поправка на куќа, односно стан;*
- *за учество на културни и спортски приредби;*
- *за учество на конгреси, конференции и слично;*
- *за лечење на своја сметка;*
- *во други случаи, утврдени во колективен договор на ниво на гранка, односно оддел, односно на ниво на работодавач.*

Одлуката за отсуство ја донесува работодавачот или лицето кое тој ќе го определи, во согласност со потребите на процесот на работата.

## *9. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ГОДИШЕН ОДМОР*

Глоба во износ од 3.000 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршок на работодавач - правно лице, ако на работникот не му обезбеди пауза за време на работното време, одмор меѓу два последователни дена, неделен и годишен одмор, во согласност со законот и не издаде решение за годишен одмор (членови од 132 до156);

Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за наведениот прекршок на одговорното лице во правното лице.

Глоба во износ од 300 до 450 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече за наведениот прекршок на работодавач - физичко лице. (Член 265 ст.1 т.14, ст.2, ст.3 од ЗРО).

**Прилог 1:** Пример за Барање за користење на прв дел од годишен одмор, за 2021 година.

**До: Управителот на**

**Друштво__________________**

**__________________________**

**Б А Р А Њ Е**

**за користење на прв дел од годишен одмор за 2021 година**

Јас, долупотпишаниот ___________________________ од __________ со живеалиште на ул._________________________, вработен во друштво ___________________________________, на работно место ___________ согласно Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05.....110/19), барам од Вас да ми одобрите користење на првиот дел од годишниот одмор за 2020 година, во траење од 12 работни дена.

Годишниот одмор сакам да го користам во периодот од __/__/2021 до __/__/2021 година. *(не помалку од две последователни недели).*

*Скопје,__/__/ 2021*

Работник:

_____________

**Прилог 2:** пример на Решение за прв дел на годишен одмор за 2021 година.

Врз основа на член 137 став 1 и член 141 од Законот за работните односи (''Службен весник на РМ'' 62/05...110/19) управителот на Друштвото ________________________Скопје, со седиште на ул________________, согласно планот за користење на годишен одмор, а врз основа на Барањето на работникот за користење на прв дел на годишен одмор за 2020 година, на ден ___/___2021 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

На работникот _____________ од ________ со живеалиште на ул_________________бр. ________ и ЕМБГ _____________ распореден на на работно место ______________, му се одобрува користење на првиот дел од годишниот одмор за 2020 година во траење од 12 работни дена.

Работникот има право на вкупно 22 работни дена годишен одмор за 2020 година.

На негово Барање, работникот ќе го користи првиот дел од годишниот одмор од __/__/2021 до __/__/2021 година. *(не помалку од две последователни недели).*

Вториот дел од годишниот одмор, работникот ќе го искористи најдоцна до 30.06.2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Работникот има право на користење на 22 работни денови годишен одмор, а траењето на годишниот одмор е определено според времето поминато во работен однос, условите за работа и други критериуми утврдени со колективниот договор и одредбите на Законот за работни односи.

**Доставено до:**

- Архива;
- Работник.

**Управител**

_______________

**Правна поука:** Работникот има право на на приговор против ова решение до управителот на друштвото, во рок од 8 дена од денот на приемот (на неговото врачување).

**Прилог 3:** Преглед табела за определеување на траењето на годишниот одмор, согласно колективните договори на ниво на гранка.

**Табела 1**

**Траење на годишен одмор по дејности**

| Р.бр | Колективен договор на гранка | Определување на траење на годишен одмор |
|---|---|---|
| 1. | Општ колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството | Со Колективни договори на ниво на дејност |
| 2. | Општ колективен договор за јавен сектор на РМ | Со Колективни договори на ниво на дејност |
| 3. | Колективен договор за комуналните дејности | до 10 год. 1 р.д.<br>од 10 до 20 2 р.д.<br>од 20 до 30 3 р.д.<br>над 30 4 р.д. |
| 4. | Колективен договор за угостителство | до 10 год. 1 р.д.<br>од 10 до 20 2 р.д.<br>од 20 до 30 3 р.д.<br>над 30 4 р.д. |
| 5. | Колективен договор за текстилната индустрија на РМ | Со колективен договор на ниво на работодавач |
| 6. | Колективен договор за земјоделството и прехранбената индустрија | до 5 год. работен стаж до 1 р.д.<br>од 6 до 10 до 3 р.д.<br>од 11 до 15 до 4 р.д.<br>од 16 до 20 до 5 р.д.<br>над 20 до 6 р.д. |
| 7. | Колективен договор за вработените од тутунското стопанство | до 10 год. 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 8. | Колективен договор за кожарска и чевларска индустрија | Со колективен договор на ниво на работодавач |
| 9. | Колективен договор за дејноста хемиска индустрија | до 5 год. 9 р.д.<br>од 6 до 10 10 р.д.<br>од 11 до 15 11 р.д.<br>од 16 до 20 12 р.д.<br>од 21 до 25 13 р.д.<br>над 25 14 р.д. |

| | | |
|---|---|---|
| 10. | Колективен договор за вработените во градежнишната индустрија | до 10 год. 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 11. | Колективен договор за дејноста сообраќај | до 10 год. 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>од 21 до 30 3 р.д.<br>над 31 4 р.д. |
| 12. | Колективен договор за основното образование во Република Македонија | од 1 до 10 год 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д. |
| 13. | Колективен договор за средното образование во Република Македонија | од 1 до 10 год 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д. |
| 14. | Колективен договор за социјална заштита | од 1 до 10 год 1 р.д.<br>од 11 до 20 2 р.д.<br>над 20 3 р.д |
| 15. | Колективен договор за министерство за внатрешни работи | од 2 до 8 1 р.д.<br>од 8 до 15 2 р.д.<br>од 15 до 20 4 р.д.<br>над 20 6 р.д. |

## *10. ГОДИШНИОТ ОДМОР ВО ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈА ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА COVID-19*

Поради прогласената пандемија од страна на СЗО, глобалното ширење на Коронавирусот COVID-19, од страна на Владата на РСМ, со воведување на мерките за заштита од ширење на епидемија и воведување на вонредна состојба од страна на Претседателот на РСМ, се донесени одлуки со кои се прекинува работата на одделни правни субјекти (угостителски објекти, спортски објекти, спортски обложувалници итн.), како и се донесени голем број на одлуки и уредби со кои друштвата се задолжени да превземат мерки за заштита на вработените.

Владата на Република Северна Македонија донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за работните односи за време на вонредна состојба. Уредбата влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на РС Македонија"

во бројот 90 од 04.04.2020 година. Оваа Уредба ќе се применува за време на траење на вонредната состојба.

Согласно Уредба, во членот 3 е уредено користењето на неискористениот годишен одмор за 2019 година, како и се уредува користењето на првиот дел од одморот за 2020 година.

Во членот 3 од Уредбата е пропишано дека:

- Работниците вработени во приватниот сектор опфатени од временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот COVID-19, неискористениот дел од годишниот одмор, односно неискористениот годишен одмор од 2019 година, да се искористи ***до 31 мај 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и одобрение од работодавачот.
- Работниците вработени во приватниот сектор опфатени од временските мерки за заштита од ширење и превенција од Коронавирусот Covid-19, делот од годишниот одмор за 2020 година кој мораше да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат ***до 30 јуни 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и одобрение од работодавачот.

### *10.1. Годишен одмор во услови на COVID 19 за 2021 година*

Согласно Одлуката за продолжување на кризната состојба до 31.12.2021 година ("Службен весник на РМ" 126/21), останува кризната состојба на сила.

Со наведеното останува правилото за користење на годишниот одмор согласно наведените критериуми.

Одредбата за користење на годишниот одмор за 2020 година најкасно до 30.06.2021 година е задолжителна за примена, во согласност со исклучоците за исплата на надоместок при исполнети услови за исплата, наместо годишен одмор.

## *11. ПРАВО НА ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР ОД СТРАНА НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА*

Во "Службен весник на РСМ" 95/20; 97/20 објавена е Уредбата со законска сила за примена на законот за вработените во јавниот сектор за време на вонредна состојба.Согласно член 1 од Уредбата, одредбите од Законот за вработените во

јавниот сектор („Службен весник на РСМ" 27/14… 11/18 и „Службен весник на РСМ" 143/19…14/20) ќе се применува за времетраење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку определено.За користење на правото на годишен одмор од страна на вработените во јавниот сектор, се применуваат одредбите на оваа уредба со законска сила.

Согласно Член 2 од Уредбата, вработените во јавниот сектор кои се работно ангажирани за времетраење на мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID – 19, неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година може да го ***искористат до 31 мај 2020 година***, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице на институцијата.

На вработените во јавниот сектор кои се ослободени од извршување на работа и работни задачи, согласно мерките за заштита од ширење и превенција од Коронавирус COVID – 19, ***НЕИСКОРИСТЕНИОТ ДЕЛ ОД ГОДИШНИОТ ОДМОР од календарската 2019 година ИМ СЕ СМЕТА ЗА ИСКОРИСТЕН***.

По исклучок, за вработените во Министерството за внатрешни работи, Министерството за здравство, Министерството за одбрана – Армијата на Македонија, Министерството за здравство, Јавните здравствени установи во Македонија, Царинските службеници, Затворската полиција, Инспекциските служби, Единиците за противпожарна територијална заштита, мали групни домови и домови за нега на стари лица, кои не се опфатени со мерките од ставовите 1 и 2 на овој член, ***неискористениот дел од годишниот одмор од календарската 2019 година и делот од годишниот одмор за 2020 година кој мора да се искористи во траење од две непрекинати работни недели, да го искористат до 31.12.2020 година***, согласно потребите на работниот процес и врз основа на одобрение на раководното лице во Министерството. За 2021 година, останува законската одредба за користење на годишниот одмор од 2020 година заклучно со 30.06.2021 година.

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист Јулија Минковска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАЈ 2021 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година (за даноци и придонеси)* | *41.141,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ за 2021 година за образец (МПИН)* | *20.571,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 41.141 )* | *658.256,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2021 година* | *8.438,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.05.2021* | *2.252,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година* | *27.182,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година* | *40.566,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2021 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2021*** година изнесува:

| |
|---|
| ***41.141,00 денари*** |

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***Јануари - Декември 2021 година.***

## 2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2021* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***20.571,00 денари (41.141,00 х 50%)*** |

### *2.1. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)*** <br> ***20.571,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА* – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*** <br> ***41.141,00 денари*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:*** <br> ***20.571,00 денари.*** |

## 3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ ***за 2021 година***, изнесува:

***658.256,00 денари (16 х 41.141,00 денари).***

***3.1. Највисока основица за самовработени лица***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

***493.692,00 денари (12 x 41.141,00 денари).***

***3.2. Највисока основица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво***

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен од-бор во трговско друштво, односно управител во трговско друш-тво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2021 година**, изнесува.

***658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).***

***3.3. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност***

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**32.913,00 денари (41.141,00 денари x 80%).**

***НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се пресметува Данок на доход.***

## *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| ПРИДОНЕСИ | Стапка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***МАЈ 2021 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.867,00*** | ***123.752,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***МАЈ 2021 година***, по вработен | 7,5% | ***1.543,00*** | ***49.369,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***МАЈ 2021 година***, по вработен | 1,2% | ***247,00*** | ***7.899,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***МАЈ 2021 година,*** по вработен. | 0,5% | ***103,00*** | ***3.291,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.760,00*** | ***184.311,00*** |

## *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.број | Период на важност | Нето | Бруто |
|---|---|---|---|
| **1.** | **01.01 - 30.06.2020** | **14.500,00** | **17.943,00** |
| **2.** | **01.07 - 31.12.2021** | **14.934,00** | **21.776,00** |
| **3.** | **01.01 - 31.03.2021** | **14.955,00** | **21.776,00** |
| **4.** | **01.04 - 31.03.2022** | **15.194,00** | **22.146,00** |

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2021 до 31.12.2021 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход („Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20), данокот на личен доход за данок од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### 6.2. Даночно намалување

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2021*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| **Период** | **2021 година** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.438,00*** |
| ***Годишно*** | ***101.256,00 (8.438 x 12)*** |

## 7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец ***МАРТ 2021*** година во однос на месец ***ФЕВРУАРИ 2021*** година ***се ПОНИСКИ за (0,5%).***

2. Право на пораст на платите за месец ***МАРТ 2021*** во однос на **месец *ФЕВРУАРИ 2021* година**, изнесува ***(0,25%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец ***МАЈ 2021*** година, изнесу-ваат: ***168 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (III )а се однесува за месец МАЈ 2021 година, изнесува:***

***42.097,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.45 од 21.05.2021).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (I-II-III/2021 година),*** а се однесува месец ***МАЈ 2021 година изнесува:***

***41.999,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.45 од 21.05.2021).***

## *10. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***10.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(III) а се однесува за месец МАЈ 2021 година*** изнесува:

***28.217,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.46 од 21.05.2021).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 28.217,00 денари:***

**За ОПШТЕСТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>***16.930,00 денари***<br>**(60% од основицата ) (*28.217,00* x *60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>***56.434,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата *(2 x 28.217,00)*:**<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 56.434,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*:***<br>***16.930,00 денари***<br>***(60% од основицата) (28.144,00 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.930,00 денари.*** |

***10.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР***

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(I-II-III/2021 година) а се однесува за месец МАЈ 2021 година изнесува:***

***28.144,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.21.46 од 21.05.2021).***

Износот ***28.144,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

## РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР

**Регрес за годишен одмор (**Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач):

- ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАЈ/2021 година изнесува:***

***11.258,00 денари во нето износ***

***(28.144,00 x 40%)***

- ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец МАЈ/2021 година во висина на основицата: 28.144,00 денари***

***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***

(***40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***

***16.839,00 денари-БРУТО* износ *(42.097 x 40%)***

***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА

***56.288,00 денари***

**(*двократен износ од основицата (2 x 28.144)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 56.288,00 денари***

## ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА

***28.144,00 денари***

***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

***16.886,00 денари***

**60% од основицата – ( 60% од *28.144,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 16.886,00 денари***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***2.252,00 денари***

**(8% од основицата (8% од *28.144,00*))**

***Ослободен од Данок на личен доход до 2.252,00 денари***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница*,** ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница*,** ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

***84.432,00 денари***

***во висина од три основици (3 х 28.144,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 84.432,00 денари***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

***56.288,00 денари***

***во висина од две основици (2 х 28.144,00 денари)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 56.288,00 денари***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

***28.144,00 денари***

***(во висина на основицата)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 28.144,00 денари***

***НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно***

***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***

***(во висина на стварни трошоци)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2020***

***5.436,00 денари***

(во висина од *20% од* просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година *(27.182,00 х 20%)*

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.436,00***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

**Е**днократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%.***

## *11. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...142/16; 171/17; 276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2021 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2020 година *(4 х 27.182,00 денари).*

***108.728,00 денари.***

## 12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2021 ГОДИНА

Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2021 година, изнесува:

***49.811,00 денари.***

## 13. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец МАЈ 2021 година*** изнесува (***2 x 27.948,00 денари)***

***55.896,00 денари.***

## 14. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка ("Службен весник на РМ" 25/00...290/20), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, испла-тена во претходната 2020 година во РСМ во висина од:***

***(20.283,00 денари 50% од 40.566,00 денари)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%.***

## 15. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПЕНЗИСКИ ФОНД

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат ***во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати*** исплатени во претходната 2020 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***81.132,00 денари: (2 x 40.566,00).***

## *16. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

## *17. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| Години поминати во работен однос | Висина на плата |
|---|---|
| До 5 години | Една плата |
| Од 5 до 10 години | Две и пол плати |
| Од 10 до 15 години | Три и пол плати |
| Од 15 до 20 години | Четири и пол плати |
| Од 20 до 25 години | Шест плати |
| Над 25 години | Седум плати |

| |
|---|
| **НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот. |
| **НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач. |
| **НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос. |
| **НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход. |

## *18. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа.......................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени .............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

| |
|---|
| ***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.** |

## 19. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година ("Службен весник на РМ" 307/20), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***8.443,00 денари*** <br> (**30%** од просечна ***Месечна Нето плата*** исплатена во РМ во претходни три месеци) *(30% x 28.144,00)* <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.443,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***30.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 30.000,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***15.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***(за најмалку 10 години работа кај ист работодавач)*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година од 01.01.2021 година)*** <br> ***700,00 денари*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***56.434,00 денари (2 x 28.217,00)*** <br> ***(Двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 56.434,00 денари*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>(***Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2021 година, НЕ Е ПРОПИШАН***). |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК***<br>***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2021 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***<br><br>Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ***<br>***(во висина на стварни направени трошоци).***<br>***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ за МАЈ/2021***<br><br>***6.085,00 денари (40.566,00 x 15%)***<br>***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2020 година***):<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 6.085,00 денари*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2021 година***<br>***81,60 денари***<br>Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***("Службен весник на РМ" 276/2019)*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата*** исплатена по вработен за ***Шифра 84***- Јавна управа и одбрана за ***ЈАВЕН СЕКТОР***) – за (задолжително социјално осигурување) за ***МАРТ/2021*** година а се однесува за месец ***МАЈ/2021*** година изнесува*:*<br>***22.722 (50% од 45.444,00).*** |

***19.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** *– која се исплатува од страна на рабо-тодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

***19.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ" 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа............................................29%***
- ***Работа ноќе..............................................................29%***
- ***Работа во три смени ...............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

> ***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *20. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА*

### *20.1. Пресме̅т̅ка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.955,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **15.194,00** |
| 2. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.756,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **751,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.945,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.679 x 1,3889)** | **22.146,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.163,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.661,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 266,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 111,00 |
| 11. **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **6.201,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 15.945,00 |
| 13. Даночно намалување за 2021 година | 8438,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12 - 13) | 7.507,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **751,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **15.194,00** |

### *20.2. Пресме̅т̅ка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 22.146,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **22.146,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.163,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.661,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 266,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 111,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **6.201,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.945,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 7.507,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **751,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **15.194,00** |

### *20.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 20.571,00 денари во (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **20.571,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 3.867,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.543,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 247,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 103,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.760,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 14.811,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 6.373,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 x 10%)** | **637,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **14.174,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 20.571,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 20.571,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 20.571,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 14.174,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 637,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.760,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 14.174,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 637,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.760,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 20.571,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

***20.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 658.256,00 денари (БРУТО ИЗНОС)***

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **658.256,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 123.752,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 49.369,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.899,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.291,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **184.311,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 473.945,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 465.507,00 |
| **10. Данок на доход од (9 x 10%)** | **46.551,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **427.394,00** |

***20.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ОЗНОС)***

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 184.311,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **515.689,00** |
| 4. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 507.251,00 |
| **6. Данок на личен доход од 10%** *(5 x 10%)* | **50.725,00** |
| **7. Нето плата (3 - 6)** | **464.964,00** |

ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

# КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец АПРИЛ 2021 изнесува (1,6%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка (“Службен весник на РСМ” 112/2014...232/19; 275/19 290/20;) Државниот завод за статристика го утврдува објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ 2021 ГОДИНА**

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *ПОРАСТ* |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ за периодот **АПРИЛ *2021 година*** во однос на просечните цени на мало ***во 2020 година изнесува:*** | ***1,6%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец **АПРИЛ *2021 година* изнесува**: | ***1,6%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *МАЈ 2021 година,*** е **ПОЗИТИВЕН** Месечната аконтација на данокот на добивка, ке се пресмета како ***1/12* од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2020** година, од ***(АОП/ 56), помножен со 1,6%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ АПРИЛ/2021 ГОДИНА

***Месечен коефициент за АПРИЛ/2021 (0,011) .***

***Кумулативен коефициент од I до IV/2021 (0,044).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во **АПРИЛ 2021 година** во однос на **МАРТ 2021 година.** | ***0,011*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски произ-води од почетокот на годината до крајот на **АПРИЛ *2021* година.** | ***0,044*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во **АПРИЛ *2021* година** во однос на **АПРИЛ *2020* година.**. | ***0,051*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во **АПРИЛ 2021 година**, во однос **на МАРТ 2021 година.** | ***0,006*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од почетокот на годината до крајот на **АПРИЛ 2021 година.** | ***0,012*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во **АПРИЛ 2021 година** во однос на **АПРИЛ 2020 година**. | ***0,037*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| *Р.бр.* | *ОПИС* | *Коефициент* |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во **АПРИЛ *2021 година***, во однос на **МАРТ 2021 година*.*** | ***0,007*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период од почетокот на годината до крајот на **АПРИЛ *2021* година** во однос на просекот на трошоците на живот ***во 2020 година.*** | ***0,012*** |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ
# НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 05.05.2021)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РС Македонија објавена во ***(“Службен весник на РМ” 98/2021),*** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 05.05.2021 до нова промена.***

**Табела 1**
**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | До 67,00 | 20,10 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 69,00 | 20,70 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | **до 59,00** | 17,70 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 58,50 | 17,55 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 34,443 | 10,33 |

**Табела 2**
**Највисоки набавни цени**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕВРО СУПЕР) БС - 95 | до 27,660 | 8,30 |
| 2. | (ЕВРО СУПЕР) БС - 98 | до 29,277 | 8,78 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС (Д-Е В) | до 25,826 | 7,75 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО 1 (ЕЛ-1) | До25,405 | 7,62 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 25,799 | 7,74 |

**Табела 3**
**Еколошка такса**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕВРО СУПЕР) БС - 95 | 0,080 |
| 2. | (ЕВРО СУПЕР) БС - 98 | 0,080 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,030 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,040 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,050 |

**Табела 4**
**Задолжителни резерви на нафта**

| **А** | **МОТОРНИ БЕНЗИНИ** | **ден/лит.** |
|---|---|---|
| 1. | (ЕВРО СУПЕР) БС - 95 | 0,890 |
| 2. | (ЕВРО СУПЕР) БС - 98 | 0,890 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 0,300 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 0,300 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,740 |

**Табела 5**
**Акцизи**

| А | МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. |
|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | 22,00 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС – 98 | 22,00 |
| **Б** | **ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС Д – Е В | 17,50 |
| **В** | **МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО ЕЛ - 1 | 17,50 |
| **Г** | **МАЗУТ** | **Ден/лит.** |
| 1. | М – 1 НС | 0,100 |

# П Р Е Г Л Е Д
# НА ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ
# (од 11.05.2021)

Согласно Одлуката за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт донесена од Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РС Македонија објавена во ***(“Службен весник на РМ” /2021),*** претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати, ги формираат цените за одделни нафтени деривати, така што највисоките малопродажни цени изнесуваат и тоа: ***за период од 11.05.2021 до нова промена.***

**Табела 1**

**Највисоки малопродажни цени на нафтени деривати и горива за транспорт**

| Ред. Бр. | А) МОТОРНИ БЕНЗИНИ | ден/лит. | Коефициенти 30% |
|---|---|---|---|
| 1. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 95 | До 68,50 | 20,55 |
| 2. | (ЕУРО СУПЕР) БС - 98 | До 70,00 | 21,00 |
| | **Б) ДИЗЕЛ ГОРИВО** | **Ден/лит.** | |
| 2. | ЕУРО ДИЗЕЛ БС(Д-Е В) | до 60,00 | 18,00 |
| | **В) МАСЛО ЗА ГОРЕЊЕ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | ЕКСТРА ЛЕСНО (ЕЛ – 1) | до 59,50 | 17,70 |
| | **Г) МАЗУТ** | **Ден/лит.** | |
| 1. | М – 1 НС | до 35,243 | 10,57 |

